Демант од ЗПЛРМ

По повод петицијата од матични доктори од Гевгелија

Здружението на приватни лекари во РМ крајно одговорно тврди да матичните доктори се професионалци кои 22 години се грижат за здравјето на сите пациенти во државата ,но и секогаш кога имало епидемии од поголеми размери се вклучувале во дежурства ,се со цел да помогнат здравствениот систем на оваа држава да го издржи притисокот од болни пациенти.

Нашата соработка со ФЗОМ и со Директорите на оваа институција се на највисоко ниво и нема да дозволиме никакви манипулации и интриги да ја нарушат оваа состојба.

ЗПЛРМ е аполитично здружение кое нема да дозволи матичните доктори да се злоупотребуваат во политички цели.

Објавата на петицијата од матичните доктори од Гевгелија Валандово, Дојран ,Богданци ,дури денес е закаснета и веќе нема никаков ефект бидејќи ние како Здружение сето тоа го договоривме со Директорите и дежурства нема. Значи со дијалог се решаваат проблемите помеѓу нас.

Она што е вистина од терен е да еден матичен доктор веќе три месеци бесплатно работи во пункт за мигранти во болницата во Гевгелија –на детско одделение.

Во интерес на вистината ги замолувам сите портали на време да ги објавуваат вестите и новините,за да ја постигнуваат вистинската цел.

Матичните доктори секогаш кога е неопходно дежураат и несебично се вложуваат во зпасување на човечки животи.

А ФЗОМ е институцијата со која секогаш на преговарачка маса ги надминуваме проблемите со искрен дијалог.

Со почит

Претседател на ЗПЛРМ

Др Лилија Чолакова Дервишова